Бр. 09 - 1698/3
09.08.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

**ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА,** врз основа на член 22 став 7 член 23 став 1 член 44 член 77 став 1 и член 79 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет за утврдување на состојба на судир на интереси кај лицето Ташко Дојчинов, на 20-та седница одржана на ден 05 август 2019 година донесе

## О Д Л У К А

На **Ташко Дојчинов**, му се изрекува мерка

## ЈАВНА ОПОМЕНА

**ЗАТОА ШТО:** На барање на Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст Државната Комисија) не постапил согласно со член 77 од Законот за спречување корупцијата исудирот на интереси, односно не ја отстранил состојбата судир на интереси во која се наоѓа поради истовремено извршување на две функции и тоа: претседател на совет на Општина Гевгелија и член на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос а што е спротивно на член 44 од Законот за спречување корупцијата исудирот на интереси.

Согласно со член 79 став 2 од Законот за спречување корупцијата исудирот на интерес јавната опомена од ставот (1) на овој член се објавува на веб страницата на Државната комисија и во средствата за јавно информирање.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државната комисија оформи и постапува по предмет за утврдување на состојба на судир на интереси кај лицето Ташко Дојчинов поради извршување на две функции истовремено.

Постапувајќи по предметот, Државната комисија констатира дека наведеното лице се наоѓа во состојба на судир на интереси бидејќи истовремено ги извршува функциите претседател на совет на Општина Гевгелија и член на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос.

Вака констатираната состојба е спротивна на одредбите од Законот за спречување корупцијата исудирот на интереси кои не дозволуваат **кумулација на функции** како појавен облик на судирот на интереси и се наметнува обврска за откажување на едната од двете спомнати функции.

Во контекст на наведеното, а во насока на отстранување на настанатата состојба, Државната комисија согласно со член 77 став 1 од Законот за спречување корупцијата исудирот на интереси се обрати до лицето Ташко Дојчинов со барање да превземе чекори во насока на отстранување на утврдените повреди на одредбите од истиот закон односно во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на одлуката да го одстрани судирот на интереси.

Ташко Дојчинов не постапи по барањето на Државната комисија, односно во законски утврдениот рок доброволно не се откажа од извршување на едната од двете функции кои во моментов ги извршува и не го отстрани судирот на интереси.

Поради наведеното Државната комисија смета дека се исполнети условите утврдени во член 79 став 1 од Законот за спречување корупцијата исудирот на интерес поради што донесе **ОДЛУКА** на Ташко Дојчинов да му се изрече мерката **ЈАВНА ОПОМЕНА** .

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Одлучено на ден 05 август 2019 година под бр. 09-1698/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**